# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.**

**Петок, 12 јануари 1973**
**Скопје**
**Број 1 Год. XXIX**

**Претплатата за 1973 година изнесува 150 динари. Овој број чини 3 динари. Жиро сметка бр. 401-1-16**


1.

Врз основа на член 41 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“ бр. 25/72) и точка 3 (5) од Одлуката за дополнување на Одлуката за максимирање на цените на сите производи и услуги („Службен лист на СФРЈ“ бр. 53/71, 6/72, 8/72, 11/72, 17/72, 19/72, 24/72, 26/72, 28/72, 30/72, 31/72, 35/72, 38/72 и 54/72), Извршниот совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ПОБЛИСКИТЕ МЕРИЛА, КРИТЕРИУМИ И УСЛОВИ ЗА НЕПОСРЕДНА ОПШТЕСТВЕНА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ НА ЗАНАЕТЧИСКИТЕ УСЛУГИ

1. Во спроведувањето на непосредна општествена контрола на цените на занаетчиските услуги општината може да ги зголеми цените на овие услуги што постоеле на ден 26. XI. 1971 година најмногу до 6,8% во зависност од:

— зголемувањето на материјалните трошоци на работењето на организациите на здружениот труд, кои вршат занаетчиски услуги до кое е дојдено врз база на одлуки на општествено-политичките заедници, донесени по 26. XI. 1972 година;

— аналитички согледаните резултати на финансиското работење во 1971 година на организациите на здружениот труд кои вршат занаетчиски услуги;

— програмата на развојот на организациите на здружениот труд кои вршат занаетчиски услуги;

— влијанието на зголемувањето на цените на занаетчиските услуги врз трошоците на работењето на организациите на здружениот труд од другите дејности и трошоците на животот.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-3345/1
18 декември 1972 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

2.

Врз основа на член 274 став 4 од Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ“, бр. 39/72), републичкиот секретар за финансии донесува

### НАРЕДБА

### ЗА НАЧИНОТ НА ИСПЛАТУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ НА ЛИЦАТА КОИ СЕ ВО РАБОТЕН ОДНОС ШТО ГИ ОСТВАРИЛЕ ОД ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД, ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ДРУГИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, КАКО И ОД ПРИВАТНО-ПРАВНИТЕ ЛИЦА

1. На лицата кои се во работен однос, а оствариле приходи од други организации на здружениот труд, државните органи и другите организации, како и од приватно-правните лица, исплатата на тие приходи се врши преку исплатната благајна каде што лицето е во постојан работен однос.

2. Организациите на здружениот труд, државните органи и другите организации, како и приватно-правните лица се должни нето примањата од точката 1 на оваа наредба да ги уплатат на жиро сметката на корисникот на општествените средства каде што лицето е во постојан работен однос, а даноците да ги уплатат на соодветните сметки.

По исклучок од претходниот став, за личниот доход од авторски права што даночниот обврзник го остварува преку авторската агенција, исплатата на личниот доход го врши таа организација преку жиро сметката на корисникот на општествените средства каде што обврзникот е во постојан работен однос, а даноците ги уплатува на соодветните сметки.

3.Организациите на здружениот труд, државните органи и другите организации, како и приватно-правните лица, на кои средствата од точка 2 став 1 им се насочени, должни се да устројат евиденција за секој работник за примањата на жиро сметката од други исплатни благајни.

4. Одговорното лице, кое ќе постапи спротивно на одредбите на оваа наредба, ќе се казни за прекршок со парична казна до 3.000 динари.

5. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Бр. 08-2858/1
5 јануари 1973 година
Скопје

Републички секретар за финансии,
**Андон Макрадули**, с. р.

**3.**

Врз основа на член 40 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ“ бр. 36/66), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## НАРЕДБА
## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ДОБИТОКОТ ОД ЗАРАЗНИТЕ И ПАРАЗИТНИТЕ БОЛЕСТИ ВО 1973 ГОДИНА

I.

Според одредбите на оваа наредба во 1973 година ќе се организираат и спроведуваат потребните мерки за спречување на следните добиточни и паразитни болести:

1. Бес;
2. Туберкулоза;
3. Бруцелоза;
4. Антракс;
5. Шушкавец;
6. Чума кај свињите;
7. Црвен ветар кај свињите;
8. Краста;
9. Чума кај птиците;
10. Сакагија;
11. Заразна кривотница кај овците;
12. Ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата;
13. Заразна агалакција кај овците;
14. Тифус кај птиците и бел пролив кај пилињата;
15. Белодробна стронгилоза и желудечно-цревни паразити кај овците и говедата;
16. Ехинококоза;
17. Пироплазмоза;
18. Заразни болести кај пчелите;
19. Метилавост;
20. Заразно пресушување на вимето;
21. Гангренозно воспаление на вимето кај овците;
22. Лептоспироза;
23. Лигавка и шап.

II.

### 1. Бес

Превентивно инжектирање на кучињата против бесот ќе се изврши во целата Република од 3. јануари до 31 март 1973 година.

На превентивно инжектирање подлежат сите кучиња постари од 3 месеци.

Кучињата кои, до 31 март ,не ќе имаат три месеци, како и кучињата што ќе се окучат подоцна, превентивно ќе се инжектират дополнително и сукцесивно по навршувањето на 3 месечна возраст.

### 2. Туберкулоза

Во општествените земјоделски стопанства ќе се изврши еднократна туберкулинизација на говедата постари од 3 месеци во периодот од 1 март до 31 мај 1973 година.

На говедата во индивидуалниот сектор ќе се изврши туберкулинизација на 50% од грлата постари од 3 месеци.

Во периодот од 1 март до 30 јуни 1973 година ќе се изврши туберкулинизација најмалку на половината од предвидениот број говеда во претходниот став, а во периодот од 1 септември до 30 ноември 1973 година ќе се изврши туберкулинизација на преостанатите говеда.

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот, ќе ги определи населбите во кои ќе се изврши прегледот од став 2 на оваа точка, но така, што со нив да биде опфатено компактно подрачје на општината, кое да одговара на подрачјето на кое во текот на 1973 година ќе се зема крв од кравите, јуниците, биковите и јунчињата за преглед на бруцелоза.

Туберкулинизација ќе се изврши и во населбите во кои туберкулозата била констатирана во 1972 година, без оглед на тоа дали се наоѓаат во подрачјето на општината каде задолжително ќе се врши туберкулинизација или надвор од тоа подрачје.

Населбите од претходниот став имаат првенство при спроведувањето на туберкулинизацијата.

Сите говеда кои при туберкулинизацијата покажат позитивна или сомнителна реакција на говедски туберкулин подлежат на ретуберкулинизација.

Резултатот од ретуберкулинизацијата се смета за дефинитивен.

Говедата што при туберкулинизацијата покажале позитивна или сомнителна реакција на говедски туберкулин, до ретубекулинизацијата се држат одделно од другите говеда во стопанството и се третираат како да се заразени.

Говедата од претходниот став, по барање на сопственикот, за време на карантинот. можат да се заколат, за негова сметка, но под контрола на надлежниот ветеринарен инспектор.

Доколку во периодот меѓу туберкулинизацијата и ретуберкулинизацијата, позитивните и сомнителните реактори на говедски туберкулин оболат со клинички знаци на туберкулоза, истите можат да се заколат, со право на надоместок на штета, но по претходно одобрување од Управата за ветеринарната служба.

Во дворовите во кои се установи туберкулоза, кај говедата ќе се врши туберкулинизација на говедата секои два месеци сè додека кај сите говеда во тие дворови не се добие негативен резултат за туберкулоза, при две узастопни туберкулинизации.

Нововнесените говеда за приплод во Републиката задолжително ќе се туберкулинизираат најдоцна 2 месеци од нивното внесување.

Во општествените стопанства и индивидуалните дворови, во кои ќе се установи туберкулоза кај говедата, задолжително ќе се изврши туберкулинизација на живината и свињите.

Во општествените и индивидуалните живинарски фарми што се занимаваат со производство на јајца и живина за расплод, ќе се изврши туберкулинизација на 10% од кокошките.

Во општествените и индивидуалните живинарски фарми што увезуваат јајца за расплод. пилиња, јарки или кокошки од странство ќе се туберкулинизираат 10% од увезените грла односно од живината добиена од увезените јајца.

Во општествените и индивидуалните живинарски фарми во кои ќе се установи туберкулоза кај кокошките, ќе се врши туберкулинизација на сите кокошки и колење на туберкулозните кокошки секои два месеци, сè додека кај сите кокошки не се добие негативен резултат на туберкулоза при две узастопни туберкулинизации.

### 3. Бруцелоза

Од сите крави, јуници, бикови и јунчиња во општествените земјоделски стопанства ќе се зема крв за преглед на бруцелоза во периодот од 1 март до 31 мај 1973 година.

Од 50% од кравите, јуниците, биковите и јунчињата во индивидуалниот сектор ќе се зема крв за преглед на бруцелоза.

Во периодот од 1 март до 30 јуни 1973 година ќе се зема крв најмалку од половината од предвидениот број крави, јуници, бикови и јунчиња за преглед на бруцелоза во претходниот став, а во периодот од 1 септември до 30 ноември 1973 година ќе се зема крв од преостанатиот број крави, јуници, бикови и јунчиња.

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот, ќе ги определи населбите во кои ќе се изврши преглед од став 2 на оваа точка, но така што со нив да биде опфатено подрачјето од општината во кое во 1972 година не се земало крв од крави, јуници, бикови и јунчиња за преглед на бруцелоза.

За преглед на бруцелоза ќе се зема крв и од сите крави, јуници, бикови и јунчиња од населбите во кои бруцелозата била констатирана во 1972 година, без оглед на тоа дали тие населби се наоѓаат на подрачјето кое е опфатено со задолжителниот преглед на бруцелозата кај говедата или не.

Населбите од претходниот став имаат првенство во земањето на крв.

Од сите овци во населбите во кои е установен абортус кај овците со непозната етиологија односно во населбите, во кои ќе се установи бруцелоза кај луѓето, говедата и свињите, ќе се зема крв за преглед на бруцелоза.

Од сите маторици, женски назимчиња и нерези на општествениот и индивидуалниот сектор што се чуваат за расплод, ќе се зема крв за преглед на бруцелоза.

Во дворовите во кои ќе се установи бруцелоза ќе се зема крв од сите говеда, свињи, овци секои три до четири седмици, сè додека кај сите говеда, свињи и овци не се добие негативен резултат за бруцелоза при три узастопни земања на крв.

Од сите нововнесени говеда, овци и свињи за расплод и гоење во Републиката, задолжително ќе се зема крв за преглед на бруцелоза најдоцна до 10-от ден од нивното внесување.

### 4. Антракс

Во сите дистрикти на антраксот ќе се изврши еднократно инжектирање на добитокот (говедата, овците и коњите) против болеста антракс во периодот од 1 април до 31 мај 1973 година.

Грлата кои во пропишаниот рок од претходниот став не ги исполнуваат условите за инжектирање против антраксот, како и грлата што ќе се отелат, ојагнат и ождребат подоцна, дополнително ќе се инжектираат против антраксот, кога ќе ги исполнат пропишаните услови.

Регистрираните населби како дистрикти на антраксот во кои во последните 15 години (1958—1972 година) лабораториски не е установен антраксот кај добитокот, нема да се третираат како дистрикти на антраксот.

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ“ бр. 36/66), ќе определи кои места на подрачјето на општината во смисла на став 3 од оваа точка се сметаат за антраксни дистрикти.

Во сите населби во кои во текот на 1973 година се установи антракс ќе се изврши еднократно инжектирање на добитокот (говедата, овците, коњите) против болеста антракс.

Еднократно инжектирање на добитокот против антраксот ќе се изврши во сите општествени земјоделски стопанства што се снабдуваат со фураж однадвор, кога фуражот потекнува од дистрикт на антраксот, односно кога не се знае неговото потекло.

### 5. Шушкавец кај говедата

Мерките пропишани за инжектирање на добитокот против антраксот, ќе се применуваат и против шушкавецот, со таа разлика, што против шушкавецот ќе се инжектираат само говедата, а како дистрикти на шушкавецот во смисла на оваа наредба, ќе се сметаат населбите во кои шушкавецот е утврден во последните пет години (1968—1972 година).

Еднократно инжектирање против шушкавецот ќе се изврши на сите говеда помлади од 3 години во сите општествени земјоделски стопанства што се снабдуваат со фураж однадвор, кога фуражот потекнува од дистрикт на шушкавецот односно кога не се знае неговото потекло.

### 6. Чума кај свињите

Задолжително превентивно инжектирање на свињите против чумата ќе се изврши во целата Република.

Превентивно инжектирање од претходниот став ќе се изврши со вакцини од атенуирани вируси (еднократно) во периодот од 1 април до 30 јули 1973 година.

Свињите што се тераат на заедничко пасиште мораат претходно да бидат активно имунизирани против чумата.

Свињите што се тераат односно транспортираат од една во друга општина, ако служат за натамошно одгледување, пред тргнувањето односно утоварот треба задолжително да се серумираат доколку активно не се имунизирани.

Свињите што се внесуваат од други општини, ако служат за натамошно одгледување, при пристигањето треба задолжително да се вакцинираат, доколку активно не се имунизирани односно да се серумираат, ако се помлади од 3 месеци.

Во периодот по превентивното инжектирање на свињите против чумата, перманентно ќе се врши инжектирање на подмладокот што ги исполнил условите за активно имунизирање, како и инжектирање на маториците кои поради високата гравидност не биле инжектирани при редовно спроведување на мерката.

### 7. Црвен ветар кај свињите

Превентивно инжектирање на свињите против црвениот ветар ќе се изврши во населбите и општествените земјоделски стопанства, што се сметаат за загрозени од оваа заразна болест.

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот, ќе ги определи населбите и општествените земјоделски стопанства, што се сметаат за загрозени од црвениот ветар кај свињите.

### 8. Краста

На подрачјата на кои крастата кај овците владеела во текот на 1972 година, најдоцна до крајот на април 1973 година ќе се изврши преглед на овците од краста.

Прегледот од претходниот став, согласно член 77 став 1, точка 1 од Основниот закон за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен лист на СФРЈ“ бр. 16/65) и член 68 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот, го врши надлежниот ветеринарен инспектор, односно ветеринарната станица.

Во стадата во кои при прегледот се утврди краста треба неодложно, а најдоцна 15 дена по стрижбата, да се изврши прво капење на сите овци во тие стада. Второто капење ќе се изврши 15 дена по првото. Истовремено ќе се применуваат и други ветеринарно-санитарни мерки, според постојните прописи.

Во стадата, во кои во текот на 1973 година ќе се установи краста неодложно ќе се спроведе лекување на болните животни односно двократно капење на сите овци во заразените стада, а ќе се применуваат и други ветеринарно-санитарни мерки, според постојните прописи.

Ако во некоја населба се утврди краста кај овците во едно стадо, ќе се изврши капење на сите овци од заразеното стадо, како и на сите овци од стадата кои пред утврдувањето на заразата паселе на пасиштето на кое паселе и овците од заразеното стадо, односно капење на сите овци од стадата што минуваат по истите патишта по кои минувале овците од заразеното стадо.

Овците од стадата што одат на летна испаша и во кои имало краста во текот на 1972 година, односно во кои ќе се појави таа во периодот пред тргнувањето на летна испаша, задолжително ќе се искапат најмалку еднаш, додека се на зимните пасишта.

На сопствениците чии стада овци подлежат на капење според претходниот став, ако овците не бидат искапени, надлежниот општински ветеринарен инспектор нема да им издаде одобрение тие стада овци да го напуштат зимското пасиште.

### 9. Чума кај птиците

Задолжително превентивно инжектирање на кокошките против чумата со сува „муктезар" вакцина на територијата на Републиката ќе се изврши еднаш годишно во периодот од 15 август до 15 декември 1973 година.

Задолжителна превентивна заштита на пилињата и подмладокот ќе се врши со вакцина сува „Ла Сота" во периодот од 1 април до 31 август 1973 година сукцесивно, според возраста на живината и напатствието на производниот завод.

Во општествените стопанства заштитата на кокошките и пилињата ќе се врши периодично и континуирано според возраста на живината и напатствието на производниот завод.

### 10. Сакагија

Во земјоделските и другите организации на здружениот труд задолжително ќе се врши офталмомалеинизација и земање на крв за преглед на сакагија од сиот еднокопитен добиток во периодот од 1 октомври до 30 ноември 1973 година.

Шумарските и другите организации на здружениот труд што работат било со свој, било со ангажиран еднокопитен добиток се должни да преземат мерки да се изврши преглед на сакагија на тој добиток.

Лицата што постојано се движат со еднокопитен добиток од една во друга општина (чергари и др.) должни се тој добиток да го подложат на преглед на сакагија најмалку еднаш годишно. Негативниот резултат надлежниот ветеринарен лекар ќе го запише на грбот на уверението за здравствената состојба на добитокот.

### 11. Заразна кривотница кај овците

Ќе се изврши преглед на сите стада овци сомнителни на заразната кривотница и лекување на овците во стадата за кои се утврди дека се заразени со заразната кривотница.

На лекување подлежат сите овци во заразените стада во текот на кое задолжително се спроведуваат и потребните ветеринарно-хигиенски и зоопрофилактички мерки.

### 12. Ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата

Ќе се изврши заштитно инжектирање на овците против ентеротоксемијата и заразниот пролив кај јагнињата во месностите каде тие се установени во последните 5 години (1968—1972 година).

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ" бр. 36/66), ќе ги определи местата во кои ќе се врши инжектирањето од претходниот став.

### 13. Заразна агалакција кај овците

Ќе се изврши преглед на сите стада овци сомнителни на заразна агалакција кај овците и задолжително лекување и спроведување на ветеринарно-хигиенски и зоопрофилактички мерки во заразените стада.

### 14. Тифус кај живината и бел пролив кај пилињата

Во општествените и индивидуалните живинарски фарми кои се занимаваат со производство на јајца и живина за расплод, најмалку двапати годишно, во растојание од 6 месеци, со методата на брза аглутинација ќе се изврши преглед на тифус на 10% од живината во тие фарми.

Во општествените и индивидуалните живинарски фарми што увезуваат јајца за расплод, пилиња, јарки или кокошки од странство, ќе се изврши преглед на тифус на 10% од живината во фармата односно од грлата добиени од увезените јајца.

Ако во фармите од претходниот став се установи тифус, тогаш секоја четврта седмица ќе се врши преглед на сета живина во заразената фарма на тифус и колење на заразената живина, сè додека кај сета живина во заразената фарма не се добие негативен резултат при два узастопни прегледи.

### 15. Белодробна стронгилоза и желудечно-цревни паразити кај овците и говедата

Лекување на овци и говеда против белодробна стронгилоза и желудечно-цревните паразити ќе се изврши во населбите и стадата каде тие се појават односно лабораториски установат.

Од сите говеда во општествените стопанства и од сите стада овци во општествените и индивидуалните стопанства за кои постои сомневање дека се заразени со белодробна стронгилоза односно со желудечно-цревни паразити ќе се зема материјал за лабораториско испитување.

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ" бр. 36/66), ќе ги определи општествените стопанства и местата во кои ќе се зема материјал за лабораториско испитување.

### 16. Ехинококоза

За сузбивање на ехинококозата, покрај другите ветеринарно-санитарни мерки, ќе се изврши двократна дехелментизација на кучињата со сколабан и тоа првата во периодот од 3 јануари до 31 март 1973 година, а втората шест месеци по првата.

### 17. Пироплазмоза

Во периодот од 1 април до 30 септември 1973 година ќе се изврши најмалку двократно капење со противкрлежни средства на сите мерино овци односно на сите внесени говеда од благородни раси во Републиката.

### 18. Заразни болести кај пчелите

Ќе се изврши преглед во однос на заразни и паразитни болести на сите сандаци пчели во општествените земјоделски стопанства, а според можностите и во индивидуалните стопанства.

### 19. Метилавост

Во сите подрачја на Републиката во кои се јавува метилавоста ќе се изврши двократно, превентивно третирање на овците и говедата против метилавоста и тоа кај овците со инжектирање или

со противметилни капсули, а кај говедата само со противметилни капсули. Првото третирање ќе се изврши во текот на пролетта, а второто во текот на есента 1973 година.

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, согласно член 39 од законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ“ бр. 36/66), ќе ги определи местата во кои ќе се врши третирањето од претходниот став.

**20. Заразно пресушување на вимето**

Во текот на 1973 година ќе се изврши еднократен преглед на сите крави во општествените земјоделски стопанства на болеста заразно пресушување на вимето и лекување на кравите за кои ќе се утврди дека се болни од заразното пресушување на вимето.

**21. Гангренозно воспаление на вимето кај овците**

Ќе се изврши преглед и лекување на сите стада овци болни односно сомнителни на гангренозно воспаление на вимето.

**22. Лептоспироза**

Во општествените земјоделски стопанства ќе се зема крв од сите говеда и свињи за преглед на лептоспироза во периодот од 1 март до 31 мај 1973 година.

Од сите маторици, женски назимчиња и нерези на индивидуалниот сектор, што се чуваат за расплод, ќе се зема крв за преглед на лептоспироза.

**23. Лигавка и шап**

Во периодот од 1 април до 31 мај 1973 година во сите општествени земјоделски стопанства ќе се изврши превентивна вакцинација со поливалентна вакцина АОЦ против лигавка и шап на сите расплодни говеда постари од 3 месеци.

III.

Утврдувањето и објавувањето на болестите од точката I на оваа наредба, со исклучок на туберкулозата, се врши врз основа на лабораториски наод во една од овластените ветеринарно-дијагностички установи во земјата.

Од заразените и принудно закланите говеда поради туберкулоза задолжително се испраќа материјал за лабораториско утврдување на причинителот на туберкулозата.

IV.

Евиденцијата за спроведување на мерките одредени со оваа наредба се води на утврдените обрасци.

Број 11-2041/2
18 декември 1972 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
д-р **Јанко Лазаревски,** с. р.

4.

Врз основа на член 9 и 15 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот стопански развиток на недоволно развиените општини („Службен весник на СРМ“ бр. 24/66), Управниот одбор на Фондот, на седницата одржана на 19. XII. 1972 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ СТОПАНСКИ РАЗВИТОК НА НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ВО СОЗДАВАЊЕТО НА ИНФРАСТРУКТУРНИ И ДРУГИ УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈОТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1971 ДО 1975 ГОДИНА

Член 1

Од средствата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот стопански развиток на недоволно развиените краишта (во натамошниот текст: Републички фонд) што ќе се формираат во периодот од 1971 до 1975 година дел во висина од 20% ќе се употреби за учество во инвестиционите зафати со кои се создаваат инфраструктурни и други општи услови за развој на недоволно развиените краишта.

Член 2

Во создавањето на инфраструктурни и други општи услови за развој, со средствата од Републичкиот фонд ќе бидат поддржани инвестиционите зафати што ќе се остваруваат преку програмите за: модернизација и реконструкција на патиштата од IV ред; рударски истражувања; изградба на водовод во селата; пошумување на голините; кредитирање на студентите во високите школи; изградба на училишен простор за основно образование и изградба на амбулантно-поликлинички објекти.

Член 3

Средствата на Републичкиот фонд до висина утврдена со чл. 1 од оваа одлука, ќе се употребат првенствено за учество во подршка на зафатите што ќе се остваруваат преку програмите на републичките фондови за патишта, рударски истражувања ,пошумување на голините, за изградба на амбулантно-поликлинички објекти, како и за остварување на програмите на Републичката заедница за образование, за намените утврдени со членот 2 од оваа одлука.

Член 4

Во реализација на програмите на републичките фондови и интересните заедници од претходниот член со средствата од Републичкиот фонд ќе се надомести до 25% од потребното учество што треба да го обезбедат организациите на здружениот труд и општините од недоволно развиените краишта.

Член 5

Користењето на дел од средствата од Републичкиот фонд за утврдените намени во оваа одлука се врши во сразмера со делот на средствата од другите извори според конструкцијата на финансирањето.

Стопанската банка — Скопје ги извршува финансиските работи и се грижи за спроведување на одредбата од претходниот став.

Член 6

Корисници во смисла на членот 4 од оваа одлука се организациите на здружениот труд, собранијата на општините и други правни лица пре-

ку кои во заедница со собранијата на општините од недоволно развиените краишта се реализираат програмите на републичките фондови и Републичката заедница за образование од членот 3, а средствата претставуваат дел до 25% од потребното учество што треба да го обезбедат општините од недоволно развиените краишта.

Член 7

За обезбедување на порамномерно користење на дел од средствата од Републичкиот фонд во создавањето на инфраструктурни и други општи услови за развој се утврдува рамковен лимит на средства по општини.

Висината на рамковниот лимит по општини се утврдува диференцирано во зависност од достигнатиот степен на стопанската развиеност на краиштата.

Степенот на стопанската развиеност на краиштата се утврдува според критериумите кои беа применети и при донесувањето на Законот за краишта чиј развиток ќе се кредитира од средствата на Републичкиот фонд.

Член 8

Рамковниот лимит на средства по општини не може да биде понизок од 1.000 (илјада) динари и повисок од 6.000 (шест илјади) динари.

Член 9

Во зависност од достигнатото ниво на стопанската развиеност и одредбата во член 8 од оваа одлука, се утврдува следниот горен рамковен лимит на средствата по општини, и тоа:

| | Износ во 000 |
|---|---|
| Вкупно: | 30.000 |
| Берово | 1.070 |
| Брод | 1.770 |
| Виница | 1.330 |
| Гостивар | 4.250 |
| Дебар | 1.340 |
| Демир Хисар | 1.260 |
| Кичево | 3.560 |
| Кратово | 1.020 |
| Крива Паланка | 2.430 |
| Крушево | 1.000 |
| Радовиш | 1.500 |
| Ресен | 1.300 |
| Струга | 2.170 |
| Тетово | 6.000 |

Член 10

Средствата на Републичкиот фонд за намените утврдени со оваа одлука се доделуваат без обврска на враќање.

Член 11

Дел од средствата до висина на рамковниот лимит утврден со членот 9, по обезбедувањето на учеството во реализацијата на републичките програми општините го распоредуваат самостојно за учество до 25% од потребниот износ во финансирањето на намените утврдени со членот 2 од оваа одлука.

Општините од недоволно развиените краишта ги утврдуваат и корисниците на средствата.

Член 12

Динамиката на обезбедување на средствата за учество ќе се врши според приливот на средствата од Републичкиот фонд, а најмалку:

| | |
|---|---|
| 1971 — 1972 година | 10 милиони динари |
| 1973 година | 10 милиони динари |
| 1974 година | 5 милиони динари |
| 1975 година | 5 милиони динари. |

Член 13

Во рамките на износите утврдени со претходниот член и рамковниот лимит на средства според член 9 од оваа одлука, Стопанската банка — Скопје им обезбедува средства на корисниците во сразмера со ангажираните средства од другите учесници во финансирањето.

Член 14

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Бр. 19
19 декември 1972 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор на Фондот,
**Видое Смилевски,** с. р.

**5.**

Врз основа на член 40 став 2 од Правилникот за условите и начинот на вршење на задолжителната имунизација против заразните болести („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/65), Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика на предлог на Републичкиот завод за здравствена заштита на СРМ, донесува

## ПРОГРАМА

### ЗА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ПРОТИВ ЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ ВО 1973 ГОДИНА

1. Имунизацијата на населението против определени заразни болести, согласно член 45 став 1 и 4 од Правилникот за условите и начинот за вршење задолжителна имунизација против заразните болести (Правилник), се врши во текот на целата година (континуирано) и во определени временски периоди (кампањски).

2. Задолжителна имунизација се врши континуирано на сите лица во определена возраст против: туберкулоза (Tuberculosis), дифтерија (Diphteria), тетанус (Tetanus), голема кашлица (Pertusis), детска парализа (Polyomielitis acuta), мали сипаници (Morbilli) и големи сипаници (Variola Vera) на начин утврден во Правилникот и Упатството за начинот на имунизацијата и контролата на резултатите од имунизацијата против определени заразни болести („Службен весник на СРМ", бр. 5/68) и Законот за спречување и сузбивање на заразните болести („Службен весник на СРМ", бр. 9/67 и 35/71) и тоа:

а) против детска парализа од 1 јануари до 30 јуни и од 1 октомври до 31 декември 1973 година со тритипна вакцина;

б) против останатите горенаведени болести во текот на целата година.

I

Имунизација против туберкулозата се врши:

1. без тестирање на сите деца до навршени два месеца на живот;

2. на сите лица од навршени два месеца до навршени осумнаесет години со претходно тестирање кои примарно не се вакцинирани ако се на туберкулин негативни;

3. ревакцинирање се врши според календарот за имунизација.

II

Имунизација против дифтерија, тетанус и голема кашлица:

А. Вакцинирање се врши:

1. на сите деца родени од 1. X. 1972 до 30. IX. 1973 година на возраст определена со календарот за имунизација;

2. на сите деца до навршена петгодишна возраст кои дотогаш не се уредно вакцинирани и ревакцинирани.

Б. Ревакцинирање се врши:

1. на сите деца комплетно вакцинирани во 1972 година против дифтерија, тетанус и голема кашлица — на возраст определена со календарот за имунизација;

2. на сите деца комплетно вакцинирани до петгодишна возраст ако од имунизацијата поминало најмалку една година а не повеќе од три години;

3. на сите деца во петтата година на возраста ако претходно биле вакцинирани и ревакцинирани според календарот за имунизација.

III

Имунизација против дифтерија и тетанус:

А. Вакцинирање се врши:

1. на сите деца родени 1966 и 1967 година кои воопшто не биле вакцинирани против дифтерија и тетанус;

2. на сите деца до осумгодишна возраст кои уредно не се вакцинирани или ревакцинирани а ја прележале големата кашлица.

Б. Ревакцинирање се врши:

1. на сите деца во седмата година на возраста кои порано уредно се вакцинирани и ревакцинирани против дифтерија и тетанус според календарот за имунизација;

2. на сите деца вакцинирани за првпат против дифтерија и тетанус во шестата и седмата годишна возраст во 1972 година, ако од вакцинирањето поминало една година.

IV

Имунизација против тетанус:

А. Вакцинирање се врши:

1. на сите лица од навршени осум години до навршени дваесет години на возраст кои против тетанус порано не биле вакцинирани;

Б. Ревакцинирање се врши:

1. на сите лица во тринаесеттата и осумнаесеттата година на возраст кои претходно уредно биле вакцинирани против тетанус со вакцина Ди-Те-Пер односно Ди-Те.

V

Имунизација против детската парализа:

А. Вакцинирање се врши:

1. на сите деца родени од 1. X. 1972 до 30. IX. 1973 година според календарот за имунизација;

2. на сите лица родени од 1. I. 1954 до 30. IX. 1973 година кои порано не биле вакцинирани.

Б. Ревакцинирање се врши:

1. на сите деца комплетно вакцинирани во 1972 година ако од вакцинирањето поминало една година;

2. на сите деца во четвртата и седмата година кои претходно биле комплетно вакцинирани и ревакцинирани според календарот за имунизација.

VI

Имунизација против мали сипаници:

Вакцинирање се врши:

1. на сите деца родени од 1. IV. 1972 до 31. III. 1973 година кои не прележале мали сипаници според календарот за имунизација;

2. на сите деца родени од 1. I. 1969 до 31. III. 1972 година кои не прележале мали сипаници или не се вакцинирани против мали сипаници.

VII

Имунизација против големи сипаници:

А. Вакцинирање се врши:

— на сите деца до навршени десет месеци на возраста до навршени три години ако претходно не биле вакцинирани.

Б. Ревакцинирање се врши:

— на сите деца во седмата и четиринаесеттата година на возраста ако претходно биле успешно вакцинирани и ако од вакцинирањето поминало три години.

Имунизацијата против определените заразни болести во оваа програма согласно Упатството се врши по следниот

## КАЛЕНДАР ЗА ИМУНИЗАЦИЈА

| Возраст на лице што подлежи на имунизација | Болеста против која се врши имунизација | Имунизирање: — вакцинирање — ревакцинирање |
|---|---|---|
| до 2 месеца | Туберкулоза без тестирање | вакцинирање |
| 4,5 и 6 месеци | Дифтерија-тетанус-пертусис (три дози) | вакцинирање |
| 4,5, 1/2 и7 месеци | Детска парализа (три дози) тритипна вакцина | вакцинирање |
| 10 месеци | Мали сипаници | вакцинирање |
| 11 месеци | Голема сипаница | вакцинирање |
| 18 месеци | Дифтерија-тетанус-пертусис (една доза) | I ревакцинирање |
| 20 месеци | Детска парализа (една доза) тритипна вакцина | I ревакцинирање |
| 12—30 месеци | Туберкулоза (со тестирање) | I ревакцинирање |
| 4 години | Детска парализа (со една доза тритипна вакцина) | II ревакцинирање |
| 5 години | Дифтерија-тетанус-пертусис (една доза) | II ревакцинирање |
| 7 години | Голема сипаница | I ревакцинирање |
| | Туберкулоза | II ревакцинирање |
| | Детска парализа (една доза тритипна вакцина) | III ревакцинирање |
| 7 години | Дифтерија-тетанус (една доза) | III ревакцинирање |
| 13 години | Тетанус | IV ревакцинирање |
| | Туберкулоза | III ревакцинирање |
| 14 години | Голема сипаница | II ревакцинирање |
| 18 години | Туберкулоза | IV ревакцинирање |
| 18 години | Тетанус | V ревакцинирање |

VIII

На кампањски начин се врши задолжителна имунизација (вакцинација и ревакцинација) против следните заразни болести и над следните лица:

а) против туберкулоза (Tuberculosis) се имунизираат со БСЖ вакцина сите лица повозрасни од 18 години, кои работат во антитуберкулозни диспанзери и други работни организации за дијагностика и лекување од туберкулоза, ако не реагираат на туберкулин и ако од последното имунизирање изминало најмалку една година;

б) против цревниот тифус (Typhus abdominalis) и паратифус (Paratyphus) се имунизираат сите лица:

— кои работат во бактериолошки лаборатории, болници и одделенија за лекување на болни од заразни болести;

— кои работат на одржување на чистотата на населените места (поправка на канализација, чистење на нужнички јами, отстранување на отпадни материи од населбите и сл.);

— кои учествуваат на младински работни акции или кои работат на големи градилишта и земјоделски стопанства.

Ревакцинација на лицата од оваа точка се врши со една доза по истекот на три години од денот на вакцинирањето;

в) против големите сипаници (Variola Vera) се имунизираат сите лица:

— кои работат во сообраќајот и во објекти на меѓународниот железнички, патнички и воздушен сообраќај;

— кои како претставници на органите за внатрешни работи и на царинската служба работат во пограничните места преку кои се врши меѓународен железнички и патнички сообраќај;

— кои како медицински персонал во органите на санитарната инспекција вршат здравствен надзор на границите, персоналот на работа во микробиолошките лаборатории и здравствените работни организации, кои доаѓаат во допир со болни или со нивните предмети, освен персоналот кој е на работа во работните организации за лекување на болни од туберкулоза и на родилните домови;

— кои доаѓаат од подрачја каде има големи сипаници, ако овие лица немаат пропишано уверение дека се вакцинирани според одредбите од Меѓународниот санитарен правилник, како и лицата кои патуваат во земја која има големи сипаници или во земја која бара имунизација против оваа болест.

Овие лица кои не се примарно вакцинирани се вакцинираат, а другите лица кај кои од примарното вакцинирање поминало најмалку три години се ревакцинираат;

г) против беснило (Lyssa) се имунизираат сите лица што ќе бидат повредени од бесно животно или од животно за кое се сомнева дека е бесно.

Под повредено лице во смисла на оваа точка се смета особено лицето:

1. укасано или огребено од лисица, волк или некое друго диво животно;

2. укасано од куче што е непознато и што не може да се држи под ветеринарска контрола;

3. укасано од куче кое во рок од 14 дена од денот на повредата на лицето покажува знаци на беснило, пцовиса или одлута;

4. укасано од куче во пределот на главата и вратот или во пределот на поголеми нервни сплетови, без оглед на состојбата и судбината на кучето;

5. укасано од мачка или друго бесно домашно животно или домашно животно за кое се сомнева дека е бесно;

6. повредено при работа со материјал што бил во допир со бесно животно или животно за кое се сомнева дека е бесно, односно при обдукција на такво пцовисано животно.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од нејзиното објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 06-01-3639
13 декември 1972 година
Скопје

Републички секретар за здравство
и социјална политика,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

# ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

1.

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА НАСОЧУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ СТОПАНСКИ РАЗВИТОК НА НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1971 ДО 1975 ГОДИНА

Член 1

Со цел средствата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот стопански раззвиток на недоволно развиените краишта во СР Македонија (во натамошниот текст: Фондот) за периодот од 1971 до 1975 година, да се користат ефикасно и оптимално како и да се обезбедат поповолни општествено-економски услови за поттикнување на стопанскиот развиток на овие краишта, се склучува Општествен договор за насочување и користење на средствата на Фондот (во понатамошниот текст: Општествен договор).

Член 2

Со Општествениот договор се утврдуваат основите и критериумите за распределба на средствата на Фондот, условите и начинот на нивното користење, како и правата и обврските, во рамките на нивните, со закон и други прописи, утврдени надлежности и делокруг, на носителите на инвестиционата активност и на учесниците во кредитирањето и финансирањето на зафатите за побрзиот развиток на недоволно развиените краишта во Републиката.

Член 3

Како носители на инвестиционата активност, во смисла на претходниот член се сметаат организациите на здружениот труд и општините од недоволно развиените краишта, како и организациите на здружениот труд надвор од овие краишта, кои својата стопанска активност ја развиваат во тие краишта.

Како учесници во кредитирањето во смисла на претходниот член се сметаат банките, Фондот и другите правни лица кои насочуваат финансиски и други средства за развитокот на недоволно развиените краишта.

Освен тоа, како учесници во кредитирањето се сметаат и организациите на здружениот труд од недоволно развиените краишта кои вложуваат сопствени средства во развитокот на други организации на здружениот труд кои ја развиваат стопанската активност во овие краишта.

Член 4

Потписниците на овој општествен договор се: Управниот одбор на Фондот, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, Стопанската комора на Македонија — како асоцијација на организациите на здружениот труд, собранијата на општините од недоволно развиените краишта: Берово, Брод, Виница, Гостивар, Дебар, Демир Хисар, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Крушево. Радовиш, Ресен, Струга и Тетово. Стопанската банка — Скопје Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје и Комерцијално-инвестиционата банка — Битола.

Кон Општествениот договор можат да пристапат и да го потпишат и други банки под условите под кои тој е склучен.

Член 5

Средствата на Фондот што ќе се формираат во периодот од 1971 до 1975 година, се насочуваат:

— 80% за обезбедување на учеството потребно во кредитирањето на стопанството; и
— 20% за обезбедување на учеството потребно за поддршка на зафатите што ќе се остваруваат преку програмите за: модернизација и реконструкција на патиштата; рударски истражувања; изградба на водовод во селата; пошумување на голините; кредитирање на студентите на високите школи; изградба на училишен простор за основно образование и изградба на амбулантно-поликлинички објекти.

Предмет на овој општествен договор се средствата наменети за инвестиции во стопанството.

Член 6

Дел од средствата наменети за обезбедување учество во кредитирањето на стопанството ќе биде насочен за учество во инвестиционите зафати за реконструкција, модернизација и оптимализација на постојните капацитети, како и за изградба на нови објекти.

За инвестиционите вложувања кои имаат капитално-инвестиционен карактер (енергетски и други крупни објекти во црната и обоената металургија и други) не можат да се обезбедуваат средства од Фондот.

Исто така не можат да се обезбедуваат средства од Фондот и за вложувањата на организациите на здружениот труд во недоволно развиените краишта кои по својот економски потенцијал и услови за развиток можат да обезбедат сопствени средства за учество.

По исклучок на организациите на здружениот труд од претходниот став, банките-потписници на овој општествен договор можат да им одобруваат средства за учество од Фондот, доколку расположивите средства се недоволни за реализација на инвестициониот зафат.

Член 7

Средствата наменети за учество до висината определена со член 5 од овој општествен договор им се обезбедуваат на организациите на кои им е одобрен заем со кој се развива економската активност во недоволно развиените краишта.

Средствата од претходниот став банките ги одобруваат во зависност од состојбата и степенот на искористеноста на средствата на Фондот.

Стопанската банка — Скопје ги известува другите банки — потписници на овој општествен договор, по нивно барање, за состојбата на средствата на Фондот.

Банките повремено, а најмалку секои два месеца, го известуваат Управниот одбор на Фондот за пристигнатите, одобрените и одбиените барања.

Член 8

При обезбедувањето на средствата за учество во инвестиционите зафати во стопанството, Управниот одбор на Фондот ќе ја следи реализацијата на политиката за побрз развиток на недоволно развиените краишта и ќе се грижи за порамномерен развиток на сите недоволно развиени краишта, давајќи поддршка на вложувањата кои ќе обезбедат оптимални резултати во развитокот со поширока територија и водејќи сметка за степенот на развиеноста на краиштата.

Член 9

Во реализацијата на развојната политика на Републиката, банките — потписници на овој општествен договор и другите корисници на општествени средства им даваат приоритет во кредитирањето на инвестиционите зафати во овие краишта, ако тие по конструкција на кредитирањето и економиката имаат подеднакви ефекти со вложувањата во другите подрачја.

Член 10

Потписниците на овој општествен договор, во рамките на своите надлежности, ќе се грижат и ќе преземаат мерки за реализација и на други зафати утврдени со Општествениот план за развој на СР Македонија од 1971 до 1975 година, како што е обезбедувањето на приоритет во користењето на средствата за инвестициони зафати со работно интензивен карактер и друго.

Член 11

Динамиката на обезбедувањето на средствата за учество во инвестиционите зафати ќе се врши според приливот на средствата на Фондот, а најмалку:

| | |
|---|---|
| Во 1971 — 1972 година | 40 милиони динари |
| во 1973 година | 40 милиони динари |
| во 1974 година | 20 милиони динари |
| во 1975 година | 20 милиони динари. |

Користењето на средствата од Фондот ќе се врши во сразмера со делот на средствата кој ќе се користи од другите извори според конструкцијата на кредитирањето.

Член 12

За учество во инвестиционите зафати во недоволно развиените краишта, се обезбедува дел од средствата од Фондот, во зависност од нивото на стопанската развиеност на соодветната општина и тоа:

— 50% од потребното учество за вложувањата на подрачјето на општините: Берово, Гостивар, Радовиш, Ресен, Струга и Тетово, чие ниво на стопанската развиеност е над 50% од републичкиот просек; и
— 70% од потребното учество за вложувањата на подрачјето на општините: Виница, Дебар, Демир Хисар, Кичево, Кратово, Крива Паланка и Крушево, чие ниво на стопанската активност е под 50% од републичкиот просек.

По исклучок за вложувањата на подрачјето на општината Брод се обезбедуваат средства во висина од 80% од потребното учество.

Член 13

Со цел да се поттикне интересот на организациите на здружениот труд од други краишта да се ангажираат преку интеграција и одделни облици на соработка, во проширувањето на стопанската активност во недоволно развиените краишта, за вложувањата што ќе ги остваруваат овие организа-

ции височината на учеството кое се обезбедува од средствата на Републичкиот фонд се зголемува за 10 процентни поени, односно:

— 90% од потребното учество ќе се обезбедува на инвеститорите кои вложуваат средства во општината Брод;
— 80% од потребното учество ќе се обезбедува на инвеститорите кои вложуваат средства во општините: Виница, Дебар, Демир Хисар, Кичево, Кратово, Крива Паланка и Крушево; и
— 60% од потребното учество ќе се обезбедува на инвеститорите кои вложуваат средства во општините: Берово, Гостивар, Радовиш, Ресен, Струга и Тетово.

Член 14

Средствата од Републичкиот фонд што им се обезбедуваат на инвеститорите за учество во инвестиционите зафати во стопанството се одобруваат како кредитни средства.

Каматната стапка, рокот на враќањето на средствата и висината на сопственото учество не може да бидат понеповолни од тие што се применуваат на кредитите што се одобруваат од средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развиток на недоволно развиените републики и покраината Косово.

Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје и Комерцијално-инвестиционата банка — Битола, ќе ги вратат средствата што ги користат од Фондот на Стопанската банка — Скопје, под исти услови под кои ги користат средствата организациите на здружениот труд и со камата која е за 1% пониска од таа под која се дадени кредитите на крајните корисници.

Член 15

Во спроведувањето на одредбите и мерилата на овој општествен договор, а со цел да се обезбеди поцелосна и ефикасна реализација на политиката за побрз развиток на недоволно развиените краишта и редовно користење на средствата од Фондот, се утврдуваат и следните права и обврски на потписниците, и тоа:

Организациите на здружениот труд:

1. кредитните барања кај банките и другите заемодавци ги поднесуваат според општите и поблиските услови и намени за користење на кредитите, со посебен осврт на кадровската состојба, деловната поврзаност, техничко-технолошката соработка и друго.

Кон барањето се поднесува инвестициона програма и инвестиционо-техничка документација според соодветните прописи;

2. со барањето поднесуваат доказ дека е обезбеден делот од потребните средства за сопствено учество со означување на изворите на средствата;

3. кон барањето прилагаат одлука на органот на самоуправувањето за задолжување; и

4. барањето за одобрување на дел од средствата за учество од Фондот во смисла на член 6 став 4 го поднесуваат писмено со соодветно образложение.

Стопанската комора на Македонија:

1. при следењето на стопанскиот развиток на Републиката во целина, посебно внимание му посветува на остварувањето на побрзиот развиток на недоволно развиените краишта. Притоа, презема конкретни активности и предлага мерки за поцелосна реализација на дефинираната политика за развитокот на овие краишта;

2. се залага при склучувањето на самоуправните спогодби и општествените договори за кредитирање на развитокот на организациите на здружениот труд во одделни области и гранки до 1975 година, за приоритет на инвестиционите иницијативи од недоволно развиените краишта кои се вклопуваат во развојните концепции на одделните стопански гранки или групации;

3. ја следи реализацијата на донесената Програма за интеграциони и други деловни поврзувања на стопанството во Републиката, ги поттикнува интеграционите иницијативи помеѓу организациите на здружениот труд од недоволно развиените краишта со организациите од другите краишта во Републиката и вон неа и иницира нови иницијативи за интеграциони поврзувања;

4. ја следи реализацијата на усвоената политика за дисперзија на одделни преработувачки капацитети во внатрешноста на Републиката; и

5. во соработка со покрупните базични организации иницира активност и презема мерки за изработка на економско-техничка документација и друго.

Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот стопански развиток на недоволно развиените краишта:

1. ја анализира состојбата и предлага мерки за реализација на политиката за развиток на недоволно развиените краишта утврдена со Општествениот план и другите програми на Републиката;

2. се грижи за проширување на формите на помагање на развитокот на недоволно развиените краишта;

3. соработува со органите и организациите кои работат на проблеми од интерес за развитокот на овие краишта и дава помош и поддршка на зафатите кои преку интеграции и други форуми ја прошируваат стопанската активност во овие краишта;

4. води грижа за навремено искористување на одобрените средства за учество во инвестициите во стопанството и за финансирање на инфраструктурните зафати;

5. се грижи за доследно остварување на овој општествен договор и за таа цел, во смисла на член 10 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ" бр. 24/66 и 11/72), укажува и предлага преземање на мерки за навремено, ефикасно и целосно остварување на политиката и односите утврдени со општествениот договор од страна на неговите потписници.

Извршниот совет на Собранието на СР Македонија:

1. ја следи реализацијата и се грижи за доследно спроведување на политиката за помагање на побрзиот стопански развиток на недоволно развиените краишта; и

2. презема мерки и акции, а по потреба донесува и акти, со кои ќе се обезбеди спроведување на политиката за побрз развиток на овие краишта, утврдена со Општествениот план за развој на СР Македонија за период од 1971 до 1975 година и другите развојни програми во Републиката.

Собранијата на општините во недоволно развиените краишта:

1. иницираат отворање на нови капацитети и учествуваат во обезбедувањето на материјални и други услови за нивна реализација;

2. се грижат за унапредување на социјалистичките самоуправни односи во организациите на здружениот труд и го поттикнуваат развитокот на производните сили преку кредитните и даночните мерки на општината во услови на единствениот пазар; и

3. ја развиваат и унапредуваат меѓуопштинската соработка во областа на стопанството, се грижат и ги поттикнуваат заедничките вложувања од интерес на повеќе организации во општината и на поширока територија.

Банките и другите заемодавци:

1. при одобрување на инвестиционите кредити водат сметка за постигање на најповолни економско-општествени ефекти, како и за регионална разместеност од поширок аспект и се грижат за оства-

рување на политиката за помагање на развитокот на недоволно развиените краишта;

2. во рок од 60 дена од поднесувањето на барањето за кредит со комплетна економско-техничка документација за инвестициониот зафат во недоволно развиените краишта се произнесуваат и донесуваат решение за одобрување или одбивање на кредитот и за тоа го известуваат заемобарателот. Банките и другите заемодавци го известуваат Фондот и за другите кредитни барања во смисла на член 6 став 4 и член 9 од овој договор;

3. со меѓусебна соработка и координација помеѓу банките-потписници на овој договор и другите заемодавци го усогласуваат кредитирањето и постапката во одобрувањето на кредитите од средствата на Фондот; и

4. ја следат реализацијата на инвестиционите зафати и заедно со развојните служби и самоуправните органи на инвеститорот преземаат мерки за навремено завршување и активирање на објектите.

Член 16

Организациите на здружениот труд, како корисници на средства, се обврзуваат истите да ги користат за намените за кои им се одобрени, редовно да ги плаќаат стасаните ануитети и да ги извршуваат другите обврски предвидени со овој договор.

Член 17

Одобрените кредити од Стопанската банка — Скопје до 1 октомври 1972 година по основ на утврдениот аванс од Управниот одбор на Фондот за 1971 година се вклопуваат во вкупните средства на Фондот.

Член 18

Овој општествен договор влегува во сила со денот на потпишувањето од овластените лица на потписниците.

---

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — ТИТОВ ВЕЛЕС

**2.**

Врз основа на член 88 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и чл. 45 т. 3 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Титов Велес, Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Титов Велес, на својата седница одржана на 28. XII. 1972 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1973 ГОДИНА

I

1. Стапката на придонесот за здравственото осигурување на работниците за 1973 година, се утврдува на 7,30% на личниот доход и другите примања, што служат за утврдување на пензискиот основ изразен во бруто износ, од кои:

а) за задолжителни видови на здравствена заштита на 2,50%, и

б) за здравствена заштита и други права од здравственото осигурување што ги обезбедува Заедницата во поголем обем од предвиденото со Законот на 4,80%.

2. Стапката на придонесот за здравственото осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување се утврдува на 0,70%.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. I. 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — ТИТОВ ВЕЛЕС

Бр. 445/1
28 декември 1972 година
Титов Велес

Претседател,
**Љубен Ашиков**, с. р.

**3.**

Врз основа на член 88 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и чл. 45 т. 5 од Статутот, Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Титов Велес, на својата седница одржана на ден 28. XII. 1972 г., донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА ЗА 1973 ГОДИНА

I

Стапката за задолжително издвојување на средствата во резервниот фонд на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Титов Велес за 1973 година се утврдува на 3% од вкупните приходи на Заедницата.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. I. 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — ТИТОВ ВЕЛЕС

Бр. 445/2
28 декември 1972 година
Титов Велес

Претседател,
**Љупчо Ашиков**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ — ТИТОВ ВЕЛЕС

**4.**

Врз основа на член 101 ст. 1 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), Собранието на Заедницата за здравствено осигурување на земјоделците — Титов Велес, на својата седница одржана на ден 29. XII. 1972 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1973 ГОДИНА

I

Придонесот за здравственото осигурување на земјоделците за 1973 година ќе се пресметува:

1. со примена на стапката од 16% на придонесот од личен доход од земјоделската дејност,
2. со пресметување на 25 н. дин. за секое домаќинство,
3. со пресметување на 25 н. дин. по осигурено лице — безземјаш.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. I. 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ — ТИТОВ ВЕЛЕС

05-бр. 447
29 декември 1972 година
Титов Велес

Претседател,
**Стојан Стојменов**, с. р.

---

**5.**

Врз основа на член 104 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и т. втора ст. 1 од Одлуката за регулирање на работата на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Титов Велес, Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Титов Велес, на седницата одржана на 29. XII. 1972 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА ЗА 1973 ГОДИНА

I

Стапката за задолжително издвојување на средствата во резервниот фонд на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Титов Велес, за 1973 година, се утврдува на 1% од вкупните приходи на Заедницата.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. I. 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ — ТИТОВ ВЕЛЕС

05-бр. 447
29 декември 1972 година
Титов Велес

Претседател,
**Стојан Стојменов**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје се води постапка по правната работа на тужителката Назира Маликова Далиповска, од село Голем Папрадник — Дебар, против тужениот Назиф Асанов Рабдишта, од Дебар, ул. „Џавид Уштеленца" бр. 33, сега со непознато место на живеење, за развод на брак.

Се повикува тужениот Назиф Рабдишта во рок од 30 дена да ја достави својата сегашна адреса или да се јави во судот лично. Во спротивно, по истекот на определениот рок, ќе му биде поставен привремен старател, кој ќе ги застапува интересите на тужениот во предметниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2765/71 од 14. XII. 1972 год. (120)

### ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Иван Крстев Грозданов од село Старо Коњарево, општина Струмица, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Лена Алексова Стојческа од село Беранци, Битола, сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужената не се познати истата се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во спротивно судот по службена должност го одредува за застапник Боге Илиев, приправник во Окружниот суд во Штип и делото ќе се разгледа во нејзино отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 152/72. (119)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово води спор Селими Азби од Тетово, улица „105" бр. 40, застапуван од полномошникот Трајковиќ Стојадин, адвокат од Тетово, против Емини Назиф од село Желино, сега со непозната адреса, за долг во вредност од 11.700 динари. Се повикува тужениот Назиф во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави и да достави точна адреса во судот, а по истекот на овој рок ќе му биде поставен временски старател, кој ќе се грижи за правата и обврските по овој спор.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 983/72. (121)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово води спор Станишиќ Димитар Јулијана од Тетово, застапувана од законскиот застапник Станишиќ Надица од Тетово, „Чешел" Ш, влез I, стан број 9 за законска издршка во вредност од 400 динари, против Станишиќ Димитар од Тетово, ул. „Д. Г. Кара" бр. 6, сега со непозната адреса во странство. Се повикува тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави на судот или да достави точна адреса, а по истекот на овој рок судот ќе му постави старател кој ќе се грижи за неговите права по овој спор до неговото завршување.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1288/72. (122)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово води спор Спасеновски Ецо од село Глоѓи, Тетовско, против Шаини Азиза Иса од Тетово, ул. „Кумановска" бр 50, за надоместок на штета во вредност од 4.000 динари. Бидејќи тужениот Иса сега се наоѓа во странство со непозната адреса, се повикува во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен ве-

сник на СРМ“ да се јави во судот или да достави точна адреса. По истекот на овој рок ќе му биде поставен старател кој ќе се грижи за неговите права до завршувањето на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 970/72. (123)

---

## ЗАГУБЕНИ ПЕЧАТИ

Загубениот округли печат под назив: „Медицински факултет Скопје, Клиника за кожни и венерични болести, Социјалистичка Република Македонија“, се огласува за неважен. (3821)

Загубениот печат во пречник 25 мм., под назив: „Радио-телевизија Скопје — Радио Скопје“, се огласува за неважен. (3547)

Загубениот штембил под назив: „Самостојна ѕидарофасадерска радња „Карпош“ — Арсовски Велин — Струга“, се огласува за неважен. (3708)

Загубениот округли печат под назив: „Куќен совет — ул. „Кочо Рацин“ бр. 69, Скопје“ се огласува за неважен. (3781)

---

# МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Воена книшка на име Методија Ѓорчев, ул. „Пролетерска“ бр. 12, Кавадарци. (3726)

Лична карта издадена од СВР — Тетово на име Сејфула Елези, с. Пирок, Тетово. (3745)

Здравствена легитимација на име Сејфула Х. Елези, с. Пирок, Тетово. (3746)

Воена книшка издадена од Берово на име Војо С. Трајановски, с. Митрашинци, Берово. (3748)

Свидетелство за IV клас гимназија на име Десанка Николовска, Ф-ка за кожи, Куманово. (3457)

Свидетелства за I и II година, издадени од Гимназијата „Гоце Делчев“ — Куманово на име Светлана Петровска, ул. „Томе Георгиев“ бр. 3, Куманово. (3789)

Воена книшка издадена од ВП 4945 — Краљево на име Живко Трајко Наунов, ул. „Глигор Пазвански“ бр. 11, Кратово. (3797)

Воена книшка издадена од ВП 3772/14 — Рашка на име Милан Стеваноски, ул. „Ил. Присаѓанка“ бр. 65, Прилеп. (3702)

Воена книшка на име Ферки Зекири, с. Чегране, Гостивар. (3806)

Лична карта бр. 24248, издадена од ОВР — Гостивар на име Станка Алексова, ул. „И. Р. Лола“ бр. 96, Гостивар. (3859)

Лична карта на име Саит Хусеини, ул. „18 ноември“ бр. 51, Гостивар. (3867)

Лична карта на име Злате Јовановски, с. Теново, Тетово. (3869)

Воена книшка издадена од Воени отсек — Тетово на име Јакуп Хасани, с. Орашје, Тетово. (3844)

Пасош издаден од ОВР — Гостивар на име Ремзи Минир Беширн, с. Чајле, Гостивар. (3559)

Пасош издаден од ОВР — Св. Николе на име Ванчо Јачев, с. Амзабегово, Св. Николе. (3560)

Свидетелство за I година, издадено од Гимназијата „Гоце Делчев“ — Куманово на име Стојан Стојчевски, ул. „Ц“ бр. 104, нас. Козле, Скопје. (3561)

Возачка дозвола издадена од ОВР — Кр. Паланка на име Павле Величковски, ул. „864“ бр. 222 нас. Маџари, Скопје. (3562)

Сообраќајна дозвола бр. ШТ 109-03, издадена од ОВР — Св. Николе на име Киро Цветков, ул. „864“ бр. 222 нас. Маџари, Скопје. (3563)

Диплома за завршен испит, издадена од Гимназијата „Гоце Делчев“ Куманово на име Бранко Јакимовски, ул. „Абрашевиќ“ бр. 3, Куманово. (3564)

Лична карта издадена од ОВР — Прилеп на име Љубен Дукоски, ул. „К. Јосифоски“ бр. 260, Прилеп. (3577)

Лична карта издадена од ОВР — Тетово на име Алим Мурати, с. Селце, Тетово. (3582)

Лична карта на име Амдиариф Исмаиљи, с. Нераште, Тетово. (3598)

Воена книшка на име Ристе А. Лазов, с. Ногаевци, Т. Велес. (3605)

Воена книшка на име Никола Кацарски, с. Разловци, Делчево. (3607)

Лична карта бр. 53208 на име Реџеп А. Кадрија, ул. „Битолска“ бр. 24, Тетово. (3617)

Пасош бр. 164734 на име Киро Анастасов, ул. „Б. Талев“ бр. 34, Штип. (3623)

Воена книшка издадена од В.П. 5664 — Мостар на име Благоја Давче Наковски, ул. „1 мај“ бр. 4, Куманово. (3624)

Воена книшка на име Павле Марковски, ул. „Карпош“ бр. 5/4, Струмица. (3626)

Лична карта издадена од ОВР — Валандово на име Стојан Димов, Валандово. (3635)

Воена книшка на име Изет И. Шабановски, ул. „Н. Тесла“ бр. 5, Кр. Паланка. (3639)

Воена книшка издадена од ВП 3267 — Крагујевац на име Љубе Ендековски, с. Жван, Битола. (3641)

Воена книшка на име Чедомир С. Димовски, с. Романовце, Куманово. (3643)

Пасош бр. 204.673, издаден од ОВР Куманово — на име Лила Ивановска, ул. „Ѓ. Петров“ бр. 22 — Куманово. (3650)

Пасош бр. 038762, издаден од ОВР — Кичево на име Алида Алоска, ул. „Скопска“ бр. 59, Кичево. (3701)

Пасош бр. 017017, издаден од ОВР — Кичево на име Неир Алоски, ул. „Скопска“ бр. 59, Кичево. (3702)

Лична карта на име Стрезо Рајчиноски, с. Бела Црква, Прилеп. (3724)

Лична карта издадена од ОВР — Прилеп на име Алим Садиковски, с. Црнилиште, Прилеп (3988)

Воена книшка издадена од Тетово на име Јове Стефаноски, ул. „Илинденска“ бр. 197, Тетово. (3993)

Воена книшка бр. 72764, издадена од Тетово на име Јове Стефаноски, ул. „Илинденска“ бр. 197, Тетово. (3994)

Земјоделска задравствена легитимација бр. 8060, издадена од ЗСО — Тетово на име Садула Олили, с. Стримница, Тетово. (1608)

Свидетелство за завршен I клас, издадено од Гимназијата „П. Попоски“ — Гостивар на име Иван Новески, с. Дол. Баница, Гостивар. (1609)

Свидетелство за завршен I клас, издадено од Гимназијата „Ванчо Прке“ Виница на име Павлина Ефтим Михајлова, Виница. (1611)

Ученичка книшка издадена од Училиштето „К. Рацин“ — Прилеп на име Зоран Ташкоски, ул. „Марксова“ бр. 27, Прилеп. (1612)

Свидетелство од I клас, издадено од Т.Б.Т. — Прилеп на име Вангел Наумоски, с. Дупјачани. Прилеп. (1613)

Свидетелство од VIII одделение, издадено од Училиштето „Крсте Мисирков“ с. Ст. Лагово на име Менка Чакмакоска, с. М. Рувци, Прилеп. (1614)

Свидетелство дел. бр. 0301-183/1 на име Фрањо Бартољ, ул. „124“ бр. 31 Тетово. (1615)

Земјоделска задравствена легитимација на име Шине Лимани, с. Раковец, Тетово. (1616)

Свидетелство бр. 03-315 од I клас, издадено од Средно економското училиште „Чеде Филиповски“ — Гостивар на име Олга Трипуноска, ул. „И.Р. Лола“ бр. 98, Гостивар. (1617)

Свидетелство од I клас, издадено од Училиштето „Т. Тарцан" — Прилеп на име Цоне Макалоски, с. Г. Коњари, Прилеп. (1618)

Свидетелство за завршена I година, Индустриско училиште со практична обука „Р. Р. — Ричко" — Прилеп на име Томе Маглески, кеј „9 септември", Прилеп. (1619)

Свидетелства од I, II III клас, издадени од Гимназијата „П. Поповски" Гостивар на име Реџије Џеладини, ул. „11 ноември" бр. 24, Куманово. (1620)

Свидетелство од VIII одделение на име Венко Николоски, с. Теово, Т. Велес. (1621)

Свидетелство од I клас, издадено од Медицинското училиште акушерски смер — Прилеп на име Вера Николова, с. Теово, Т. Велес. (1622)

Режи карта на име Мара П. Николова, с. Теово, Т. Велес. (1623)

Свидетелство за завршена II година на име Добрила В. Прескакулева, ул. „Рајна Соколова" бр. 6, Кавадарци. (1624)

Свидетелство за завршен I клас, издадено од Гимназијата во Тетово на име Лимани Мусли, с. Д. Палчиште, Тетово. (1625)

Свидетелство на име Џељиљ Абдиљ, с. Теарце, Тетово. (1626)

Диплома издадена од Учителската школа во Тетово на име Илмихасан Незири, с. М. Речане, Тетово. (1627)

Свидетелство од III клас, издадено од Учителската школа во Гостивар на име Реџеп Амити, с. Речане, Гостивар. (1628)

Свидетелство за завршен II клас, издадено од Гимназијата „Ванчо Прке" Виница на име Магдалена Атанасова, Виница. (1629)

Свидетелство за завршен III клас, издадено од Гимназијата „Ванчо Прке" — Виница на име Верка Младенова, Виница. (1630)

Свидетелство за завршен II клас през учебната 66/1967 година, издадено од Гимназијата „Ванчо Прке" — Виница на име Верка Младенова, Виница. (1631)

Свидетелство за завршен I клас през учебната 68/1969 година, издадено од Гимназијата „В. Прке" — Виница на име Бранка Димитрова, Виница. (1632)

Свидетелство за завршен I клас през учебната 68/1969 година, издадено од Гимназијата „В. Прке" — Виница на име Убавка Костадинова, Виница. (1633)

Свидетелство за завршен I клас през учебната 68/1969 година, издадено од Гимназијата „В. Прке" — Виница на име Трајан Велков, Виница. (1634)

Свидетелство за I година през учебната 1968/69 година, издадено од Гимназијата „В. Прке" — Виница на име Јелица Бекарска, с. Митрашинци, Берово. (1635)

Свидетелство за завршен II клас през учебната 1969/70 година издадено од Гимназијата „В. Прке" — Виница на име Санда Михајлова, Виница. (1636)

Свидетелство за завршен IV клас, издадено од Гимназијата „Методи Митевски-Брицо" — Делчево на име Драган Ј. Ѓорговски, Делчево. (1637)

Свидетелство за завршен III клас, издадено од Гимназијата „Методи Митевски Брицо" — Делчево на име Стоил Н. Попов, ул. „11 Октомври" бр. 22, Делчево. (1638)

Свидетелство од II клас, издадено од Гимназијата „Бр. Миладинови" — Битола на име Пандо Митров, с. Кременица, Битола. (1639)

Свидетелство од VIII одделение издадено од Вечерното училиште — Прилеп на име Благоја Јовески, ул. „Сутјеска" бр. 27, Прилеп. (1640)

Свидетелство од VIII одделение на име Митра Суклеска, ул. Д. Димески" бр. 6, Прилеп. (1641)

Ученичка книшка од I клас, издадено од Тутунското училиште „Н. Х. Орде Чопела" — Прилеп на име Роза Комицкоска, с. Кривогаштани, Прилеп. (1642)

Свидетелства од I и II година, издадени од Економското училиште во Прилеп на име Зоран Стевановски, ул. „Октомвриска" бр. 77, Прилеп.

Свидетелство за завршено VIII одделение, издадено од Основното училиште во с. Добровница на име Љупчо М. Стоевски, с. Осиче, Кр. Паланка. (1644)

Свидетелство од учебната 1967/68 година на име Хуријете Аслани, ул. „И. Р. Лола" бр. 189, Тетово. (1645)

Свидетелство од учебната 1969/70 година на име Хуријете Аслани, ул. „И. Р. Лола" бр. 189, Тетово. (1646)

Здравствена легитимација на име Нешат Велии, с. Д. Палчиште, Тетово. (1647)

Свидетелство за VIII одделение, издадено од Училиштето „К. Канински" — Битола на име Ѓорѓи Груевски, с. Поешево, Битола. (1650)

Свидетелство од I клас, издадено од Индустриското училиште „Р.Р. Ричко" — Прилеп на име Коле Димески, с. Кравари, Битола. (1651)

Свидетелство од VIII, издадено од Училиштето „Стив Наумов" — с. Бешишта на име Степан Чакроски, с. Палчиште, Прилеп. (1652)

Свидетелство од II одделение, издадено од Училиштето „Д. Јованоски" — Прилеп на име Сулеман Шерифоски, ул. „Тризла" бр. 103, Прилеп.

Свидетелство бр. 06-282/5 за завршен I клас, издадено од Гимназијата „М. Пијаде" — Кр. Паланка на име Десанка Арсовска, с. Огут, Кр. Паланка. (1654)

Свидетелство за II клас гимназија, издадено од Гимназијата „Стив Наумов" — Ресен на име Здравко Шушевски, Ресен. (1655)

Свидетелство за завршена II година на име Трајан Петрески, жел. стан. „Чашка" Т. Велес.

Свидетелства од I и II година, издадени од Индустриското училиште „Коле Неделковски" — Т. Велес на име Васил Дренков, ул. „Бл. Ѓорев" бр. 63, Т. Велес. (1657)

Свидетелство за завршен I клас, издадено од Гимназијата „К. Рацин" — Т. Телес на име Лазо Зашов, ул. „М. Тито" бр. 19, Т. Велес. (1658)

Свидетелства за I и II година, издадени од Економското училиште „Ј. Тесличков" на име Марјанка Ничева, ул. „М. Гинова" бр. 10, Т. Велес. (1659)

Свидетелство од II клас, издадено од Гимназијата „К. Рацин" — Т. Велес на име Славица Кулавкова, ул. „Лазо Осмаков" бр. 2, Т. Велес.

Свидетелство за завршен I клас, издадено од Индустриското училиште „К. Неделковски" — Т. Велес на име Марика Темелкова, ул. „Пр. Пчински" бр. 48, Т. Велес. (1661)

Работна книшка на име Марија Анастасова, ул. „725" бр. 41, Т. Велес. (1662)

Свидетелство за II клас гимназија, на име Асан Абази, с. Зајас, Кичево. (1665)

Свидетелство од II клас, издадено од Учителската школа „Зеф Љуш Марку" — Скопје на име Изар Ислами, с. Д. Ѓоновица, Гостивар. (1666)

Свидетелство од I година, издадено од ЕМУЦ „Злате Малакоски" — Гостивар на име Гоце Мацоски, М. Брод. (1667)

Свидетелство за завршен II клас, дел. бр. 92/2, издадено од Гимназијата „Ванчо Прке" — Виница на име Милан Анакиев, Виница. (1668)

Свидетелство за завршен I клас, издадено од Гимназијата „Ванчо Прке" — Виница на име Милан Анакиев, Виница. (1669)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Живко Огненовски, Скопје.

Свидетелство за положен матурски испит, издадено од Училиштето за ученици во стопанство — Тетово на име Мара Ангелковска, Скопје. (1671)

Работна книшка издадена од Тетово на име Мара Ангелковска, Скопје. (1672)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Виолета Наумова, Скопје. (1673)

Свидетелства за I и II клас издадени од гимназијата со економски паралелки „Кочо Рацин" нас. Ѓ. Петров — Скопје на име Дивна Томиќ, Скопје. (1674)

Свидетелство за II година, издадено од педагошката гимназија „Никола Карев" — Скопје на име Лепа Здравкова, Скопје. (1675)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Миле Величковски, Скопје. (1676)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Нешат Селимов, Скопје. (1677)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Јусуф Амити, Скопје. (1679)

Свидетелство за завршено едногодишно дактилографско училиште дел. бр. 809 — издадено од Скопје на име Гордана Н. Ранчиќ, Скопје. (1880)

Индекс бр. 14085, издаден од Економскиот факултет — Скопје на име Драган Цветков, Скопје. (1881)

Воена книшка издадена од Фоча на име Илија Мошев, Скопје. (1882)

Работна книшка издадена од Скопје на име Зарифа Саитовска, Скопје. (1883)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Ламбе Стојановски, Скопје. (1884)

Свидетелство за I клас, издадено од Гимназијата „Јосип Броз Тито" — Скопје на име Петар Николовски, Скопје. (1886)

Дозвола за носење оружје рег. бр. 123, издадена од ОВР — Македонски Брод на име Никола Василевски, Скопје. (1885)

Свидетелство за I и подготвителна година, издадени од Музичкото училиште Скопје на име Јован Каровски, Скопје. (1887)

Свидетелство за завршено I година, издадено од Центарот за оброзавание при Рудници и железарница „Скопје" — Скопје на име Решат Реџепов, Скопје. (1888)

Свидетелство за завршено I година, издадено од Центарот при Рудници и железарница „Скопје" — Скопје на име Мирче Сергиевски, Скопје. (1889)

Здравствени легитимации издадени од ЗСО — Скопје на име Фатиме и Лиман Кадри, Скопје. (1890)

Свидетелство за I година, издадено од Гимназијата „Раде Јовчевски— Корчагин", Скопје на име Кирил Петров, Скопје. (1891)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Гавро Андоновски, Скопје. (1892)

Свидетелство за завршен испит за квалификуван работник — столар, издадено од Стопанското училиште „Димитрије Туцевиќ" — Скопје на име име Милан Чанкулов, Скопје. (1893)

Ученичка книшка за VIII одделение, издадена од Осмолетката „Живко Брајковски" — Скопје на име Рампе Мрмевски, Скопје. (1894)

Индекс бр. М-4579/а, издаден од Електро-машинскиот факултет — машински отсек — Скопје на име Методија Ѓоргиевски, Скопје. (1895)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Среќко Мариќ, Скопје. (1896)

Индекс бр. 1541, издаден од Архитектонско градежниот факултет — Скопје на име Тане Јанчески, Скопје. (1897)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Борис Балов, Скопје. (1898)

Свидетелства за завршени I и II година, издадени од Училиштето УЗУС „Димитар Влахов" — Скопје на име Бафтијар Демиров, Скопје. (1899)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Веби Реџепи, Скопје. (1900)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Дебар на име Борис Јовчевски, Скопје. (1901)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Абдула Илијаз, Скопје. (1902)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Насер Мемети, Скопје. 1903)

Свидетелства за завршена I и II година, издадени од Училиштето за физичка култура во Скопје на име Маргарита Чевреска, Скопје. (1904)

Свидетелство за завршена I година, издадено од Гимназијата „Ј. Б. Тито" — Скопје на име Владимир Шишковски, Скопје. (1905)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Наталија Стаменковиќ, Скопје. (1906)

Свидетелство за завршен испит, издадено од Нижата Медицинска школа во Скопје на име Милка Ристова, Скопје. (1907)

Свидетелство за завршен II клас, издадено од Средното економско училиште „Борис Кидрич" — Скопје на име Ѓорѓи Мечалов, Скопје. (1908)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Фадиле Агуш, Скопје. (1909)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Скопје на име Драган Бошков, Скопје. (1910)

# КОНКУРСИ

Деловниот одбор на Фабриката за тули и керамиди „Партизанка" — Драчево, распишува

## КОНКУРС

за пополнување на работните места (реизбор):

1. Раководител на општ сектор,
2. Технички раководител.

Кандидатите покрај општите услови, предвидени со ОЗРО, треба да ги исполнуваат и посебните услови:

Под 1 — да има завршено виша стручна подготовка со работно искуство над 10 години, од кои 5 години на раководни работни места.

Под 2 — машински факултет во звање инженер со работно искуство од над 15 години, од кои 10 на раководни работни места.

Да не се осудувани кривично за стопански престапи.

Конкурсот трае 15 дена, сметано од денот на објавувањето.

Молбите со комплетната документација се доставуваат до фабриката со напомена за конкурсот.

Некомплетираните документи нема да се земаат предвид за разгледување. (1871)

---

Советот на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје, распишува

## КОНКУРС

за избор и реизбор во следните звања и предмети:

1. Еден наставник во звањето доцент по предметот Лозарство, и
2. За реизбор во звањето асистент по предметот Фитопатологија.

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите пропишани со Законот за високото школство на СРМ.

Пријавите се поднесуваат до Деканатот на Земјоделско-шумарскиот факултет — Скопје.

Кон пријавата кандидатите треба да приложат диплома, куса биографија, список на стручни и научни трудови и по еден примерок од самите трудови;

Пријавата, кусата биографија и списокот на стручните и научните трудови се поднесуваат во по три примероци.

Рок за пријавување е 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот. (44)

Врз основа на член 24 и 31 од Статутот, работната заедница на Занаетчиско-монтажната задруга „Цевовод“ — Скопје, распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на раководни работни места (реизбор):

1. Директор на задругата,
2. Технички раководител на задругата.

Услови за директор на задругата:

1. Висока стручна подготовка — машински факултет со пет години работен стаж во струката;
2. Средна стручна подготовка со 10 години работен стаж во струката;
3. Висококвалификуван монтер со 15 години работен стаж во струката;
4. Да има раководен работен стаж во стопанството најмалку 4 години;
5. Да не е осудуван или да не се води против него кривична постапка.

Услови за технички раководител:

1. Средна стручна подготовка — машински техничар со 8 години работна практика или
2. Висококвалификуван монтер со над 15 години работна практика во струката.

Пријавите се доставуваат на адреса:

„Цевовод“ — Занаетчиско-монтажна задруга — Скопје, Бутел II — Административна населба, барака бр. 13.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето. (1870)

---

Конкурсната комисија за именување директор за Управата за комунални услуги „Градска чистота“ — Крива Паланка, распишува

**КОНКУРС**

**за директор на управата — реизбор**

Кандидатите, покрај општите услови предвидени со Законот, мораат да ги исполнуваат и следните посебни услови:

— Висока стручна подготовка (економски, правен или технички факултет) и три години работно искуство, или

— Виша стручна подготовка (економска, правна) со пет години работно искуство.

Кандидатот со молбата треба да поднесе и:

— диплома за стручната подготовка;

— работна книшка за работното искуство;

— согласност од РЗ дека ќе биде разрешен од досегашната должност во колку биде примен;

— уверение дека нема обвинителен акт ниту некоја осудителна пресуда.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Молбите се поднесуваат до конкурсната комисија на Управата.

Личен доход според правилникот за распределба на личните доходи.

Некомплетирани молби и молбите што се поднесуваат по истекот на конкурсниот рок, нема да се земаат во предвид. (21)

Конкурсната комисија за именување директор на Земјоделската задруга „Дамјан Груев“, с. Ратево — Берово, распишува

**КОНКУРС**

**за именување на директор (реизбор)**

Кандидатот за работното место директор треба да ги исполнува условите предвидени според членот 55 од Законот за претпријатијата и условите предвидени во член 102 на Задругата, и тоа:

а) Виша стручна подготовка со две години практика на раководно место;

б) Средна школска подготовка со 5 години практика на раководно место;

в) Нижа стручна подготовка, односно да е квалификуван работник со над 10 години практика.

Некомплетираните документи нема да бидат земени во предвид при разгледувањето.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето. (1872)

---

## СОДРЖИНА


Страна

1. Одлука за поблиските мерила, критериуми и услови за непосредна општествена контрола на цените на занаетчиските услуги — 1
2. Наредба за начинот на исплатување на приходите на лицата кои се во работен однос што ги оствариле од други организации на здружениот труд, државните органи и другите организации, како и од приватно-правните лица — — — — — 1
3. Наредба за преземање мерки за заштита на добитокот од заразните и паразитните болести во 1973 година — — — — — 2
4. Одлука за користење на дел од средствата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот стопански развиток на недоволно развиените краишта во создавањето на инфраструктурни и други услови за развојот во периодот од 1971 до 1975 година — — 5
5. Програма за имунизација на населението против заразните болести во 1973 година — 6

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

1. Општествен договор за насочување и користење на средствата од Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот стопански развиток на недоволно развиените краишта во периодот од 1971 до 1975 година — 8

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

2. Одлука за утврдување стапката на придонесот за здравственото осигурување на работниците за 1973 година — — — — 11
3. Одлука за висината на стапката на задолжителната резерва за 1973 година — — 11
4. Одлука за утврдување на стапката на придонесот за здравственото осигурување на земјоделците за 1973 година — — — — 12
5. Одлука за висината на стапката на задолжителната резерва за 1973 година — — 12


**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен урединк Петар Јаневски. Жиро сметка број 401-1-16 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**